**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**М И Н И С Т Е Р С Т В О**
**ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТ**
**Образец ОБ-3**

**ШИФРА НА ПРОЕКТОТ:**

**НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ:** „Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече“

**ГЛАВЕН ИСТРАЖУВАЧ:** д-р. Бранислав Ристески научен советник

**ИНСТИТУЦИЈА:** ЈНУ Институт за старословенска култура Прилеп

**ТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** **Од:** Октомври 2021

**До:** Октомври 2023

**БРОЈ НА ДОГОВОР:** 15-16034/1 ОД 6.11.2021 год.

**ИЗВЕШТАЈНА ГОДИНА:** 2021-2023 год.

**ДАТУМ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ: 28.12.2023 година**

---

**Овој образец се пополнува во 3 копии и се доставува до Министерството за образование и наука како составен дел на елаборатот од завршниот извештај**

## 1. УЧЕСНИЦИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВО ИЗВЕШТАЈ-НАТА ГОДИНА

**(Име и презиме, научно, наставно-научно звање, матична институција)**

**а) Главен истражувач:** д-р Бранислав Ристески, научен советник

**б) Соработници – истражувачи**

1. д-р Иван Заров, научен советник
2. д-р Владимир Караџоски, научен советник
3. д-р Ели Луческа, научен советник
4. д-р Александар Василески, виш научен соработник
5. м-р Дејан Кебакоски, асистент истражувач
6. ________________________________ ______________ _________________
7. ________________________________ ______________ _________________
8. ________________________________ ______________ _________________
9. ________________________________ ______________ _________________
10. ________________________________ ______________ _________________

**в) Соработници - млади истражувачи**

1. д-р Христијан Талевски, виш научен соработник
2. д-р Орданче Петров, научен соработнк
3. ________________________________ ______________ _________________
4. ________________________________ ______________ _________________
5. ________________________________ ______________ _________________

## 2. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГ*-ПРОЕКТОТ:

Во најнепосредна корелација со предметот и методите на истражувања, а со јасна свест за расположливите финансиски и материјално-технички средства, како и мултидисциплинарноста на научноистражувачкиот приод, ги издвојуваме трите основни цели на истражувањето:

1. Ревизија на резултатите од досегашните истражувања;
2. Комплетирање на неопходните научни сознанија за средновековниоте населби во Пелагонија, Мариово и Порече; и
3. Синтеза на добиените сознанијата за развитокот на средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече и нивно позиционирање во поширокиот балкански и медитерански контекст.

*Непосредни научноистажувачки цели.*

Во функција на попстојна реализација на општите цели, сметаме дека е неопходно да се изјаснат следните непосредни истражувачки цели::

1. Комплетирање на стручно-научните податоци добиени при досегашните археолошки, историско-уметнички, историски, лингвистички и етнолошки истражувања на средновековиeто во Пелагонија, Мариово и Порече и нивно прилагодување на современите научноистражувачки стандарди;
2. Препроверка и селекција на приоритетните стручно-научни податоци добиени со досегашните истражувања;
3. Ревизиони теренски и кабинетски истражувања во функција на комплетирање на неопходните научноистражувачки податоци;
4. Детално документирање на недвижните остатоци од средновековните населби со користење на современи методи на документирање;
5. Сеопфатна анализа на наодите, особено движните наоди со користење на современи егзактни методи на истражување;
6. Заокружување на сознанијата за клучните пунктови во рамките на проектот, како на пр. средновековниот Прилеп; Зрзевскиот културниот комплекс; манастирскиот комплекс Св.Никола,с.Манастир – Мариово; културниот комплекс Трескавец - Златоврв; локалитетот Градок, с.Манастир – Мариово; античкиот град Хераклеја, Битола; остатоците од средновекониот град Битола; Кале, Битола, манастирите: Св. Архангел Михаил, Прилеп; Успение на Пресвета Богородица, Горен Манастирец; и Чебренски манастир, Мариово.
7. Културно-хронолошка класификација на релевантните стручно-научни податоци како резултат на истражувачкиот процес во рамките на археологијата, историјата на уметноста, историјата, лингвистиката и етнологијата;

---

* По потреба употребете дополнителни листови за сите точки од завршниот извештај.

8. Најнепосредни компаративни сознанија со истовремените објекти во околните региони во РС Македонија како и во соседните држави;
9. Проследување на развитокот на основните видови населби во раниот, полниот и доцниот среден век во секој од одделните регони; и
10. Компарирање на синхроните културни-цивилизациски процеси помеѓу просторните целини Пелагонија, Мариово и Порече.

## 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТОТ:

- Сеопфатно комплетирање на стручно-научните податоци добиени при досегашните археолошки, историско-уметнички, историски, лингвистички и етнолошки истражувања на средновековието во Пелагонија, Мариово и Порече и нивно прилагодување на современите научноистражувачки стандарди;
- Препроверка и селекција на приоритетните стручно-научни податоци добиени со досегашните истражувања;
- Ревизиони теренски и кабинетски истражувања во функција на комплетирање на неопходните научноистражувачки податоци;
- Детално документирање на недвижните остатоци од средновековните населби со користење на современи методи на документирање;
- Сеопфатна анализа на наодите, особено движните наоди со користење на современи егзактни методи на истражување;
- Заокружување на сознанијата за клучните пунктови во рамките на проектот, како на пр. средновековниот Прилеп; Зрзевскиот културниот комплекс; манастирскиот комплекс Св.Никола,с.Манастир – Мариово; културниот комплекс Трескавец - Златоврв; локалитетот Градок, с.Манастир – Мариово; античкиот град Хераклеја, Битола; остатоците од средновекониот град Битола; Кале, Битола, манастирите: Св. Архангел Михаил, Прилеп; Успение на Пресвета Богородица, Горен Манастирец; и Чебренски манастир, Мариово.
- Културно-хронолошка класификација на релевантните стручно-научни податоци како резултат на истражувачкиот процес во рамките на археологијата, историјата на уметноста, историјата, лингвистиката и етнологијата;
- Најнепосредни компаративни сознанија со истовремените објекти во околните региони во РС Македонија како и во соседните држави;

- Проследување на развитокот на основните видови населби во раниот, полниот и доцниот среден век во секој од одделните регони; и

- Компарирање на синхроните културни-цивилизациски процеси помеѓу просторните целини Пелагонија, Мариово и Порече.

## 4. ОСВРТ НА ОПРАВДАНОСТА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ПОГЛЕД НА ПОСТИГНУВАЊЕТО НА ДЕФИНИРАНИТЕ ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИТЕ РЕЗУЛТАТИ СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТОТ:

Во согласност со фактот што средновековните населби се јазолни точки на воено-политичките собитија и средишни пунктови на социо-економскиот развиток на одделни просторни целини/региони, проучувањето на развитокот на трите основни видови на населби (урбани, рурални и монашки) во раниот (VI/VII до средината на IXвек), полниот (средина на IX до првите децении на XII век), доцниот среден век (први децении на XII до раниотXV век ), како и турското средновековие (XV-XVII век) во рамките на регионите Пелагонија, Мариово и Порече, овозможува да се согледа во основни црти културно-цивилизацискиот развиток на централните делови од Балканскиот Полуостров, како и да се направи обид за објективно, научно засновано согледување на овие процеси во контекст на поширокиот медитерански басен.

Поаѓајќи од тоа, сеопфатното комплетирање на досегашните стручно-научни податоци за средновековието на просторот на Пелагонија, Мариово и Порече во рамките на археологијата, историјата, историјата на уметноста, лингвистиката и етнологијата, нивната студиозна анализа и докомплетирање, а особено заокружувањето на научно-истражувачкиот процес со контекстуалното проследување на културно-цивилизацискиот развиток во рамките на одделните региони и компаративно проучување на синхроните процеси, без сомнение претставува суштински методолошко-спознаен исчекор во мултидисциплинарниот приод при проучувањето на одделни просторни целини/региони.

Сразмерно високото почетно рамниште во процесот на сеопфатно проучување на споменатите региони се заснова врз сознанијата од досегашните

сеопфатни истражувања на остатоците од средновековниот Прилеп, позиционирани врз грамадите и во подножјето на ридот Маркови Кули; ранохристијанскиот комплекс, средновековната монашка населба и манастирот Св.Преображение кај с.Зрзе; манастирскиот комплекс Св.Никола, с.Манастир – Мариово; античката населба Колобаиса и средновековниот манастир Успение на Пресвета Богородица позиционирани врз горните сегменти од грамадите Златоврв – Трескавец; доцноантичката населба и средновековниот манастир на локалитетот Градок, с.Манастир – Мариово; античкиот град Хераклеја, Битола; остатоците од средновековниот град Битола; Кале, Битола, како и исклучително големиот број на материјални остатоци од одделни средновековни населби и манастири во рамките на регионите Пелагонија, Мариово и Порече. Во функција на заокружување на сознанијата за развитокот на средновековната култура во споменатите региони се планираат ревизиони теренски истражувања (рекогносцирања, теренска проспекција, сеопфатно документирање, картирање и др.), како и студиозно проучување на податоците од досегашните истражувања (документација, движни наоди и др.), со што несомнено би се направил сериозен исчекор во проширувањето научните знаење, базирани врз максимално објективизиран научноистражувачки приод.

Со реализацијата на проектот евидентен е придонесот во продлабочувањето на научните сознанија со вградувањето на принципиелно новите сознанија во проучувањето на средновековните населби, особено со третирањето на манастирите како особен вид на населби коишто се карактеризираат како носители на духовниот и културниот прогрес за одредени територии, но и како оски на дадени социо-економски и политички процеси. Проширувањето на научните сознанија, освен, вградувањето на изворните податоци до кои е дојдено во последната деценија, е забележливо и во вклучувањето на останатите делови на Пелагонија во проучувањето на средновековните населби.

При досегашните истражувања на населбите предмет на интерес најчесто биле одделни објекти или единечни населби, пришто најчесто отсуствуваат напорите за културно-хронолошко и структурално класифицирање на основните видови на средновековни населби, особено на интегрално согледување на целовитоста на монашките населби-манастирите. До сега не се евидентирани посеопфатни мултидисциплинарни проучувања на развитокот на основните видови

на населби во рамките на заокружени просторни целини/региони, кои овозможуваат компаративно проучување на синхроните процеси во рамките на биогеографски различни региони. Ваквиот методолошки пристап овозможува научно аргументирано вклопување на населбинските процеси од овие простори во рамките на културно-цивилизациските текови кои се одвивале на територијата на поширокиот балкански и медитерански контекст.

Со оглед на евидентно високото спознајно ниво врз кое е заснован овој проект, евидентни се потенцијалите за меѓународна соработка со етаблирани институции и поединци кои ги проучуваат медиевалистичките процеси на медитеранскиот простор.

Имајќи предвид дека процесите коишто ќе бидат научно третирани во рамките на овој проект се одвивале на пошироката балканска територија, сметаме дека институциите и научните работници од соседните земји и пошироко ќе бидат заинтересирани, преку призмата на сопствениот научен интерес, да соработуваат во реализацијата на овој проект, како и во истражувања кои ќе произлезат од овој научноистражувачки проект.

## 4. ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИОТ ПРОЕКТ:

Најнепосредната корелзција помеѓу предметот и целите на истражувањето во најголема можна мера ги детерминира користените методи на истражување, а што овозможи во најголема можна мера реализација на поставените цели во рамките на Проектот.

### 1. Дефинирање на јазолните истражувачки пунктови.

Во согласност со дефинираниот предмет на истражувањата, а врз основа на сознанијата од претходните истражувања, во почетната етапа од реализацијата на Проектот се дефинираа клучните истражувачки пунктови во рамките на одделните региони:

*ПЕЛАГОНИЈА*

1. Средновековниот Прилеп

   Споменичка целина Маркови Кули,Варош.

   Споменичка целина Варош-Прилеп,

   Лок. Св.Атанас, Варош.

   Лок. Поткули, Варош.

   Лок. Св.Димитрија, Варош.

   Лок. Св.Никола, Варош.
2. Манастир Успение на Пресвета Богородица, Тресаквец
3. Манастир Св.Арахангел Михаил, Варош
4. Манастир Св. Преображение, с.Зрзе
5. Лок. Градиште, с.Дебреште
6. Средновековната Битола

   Лок.  Св.Димитрија

   Лок.Тепсија, Битола.

   Лок.Германски гробиште, Битола.

   Лок.Крива воденица, Битола.

   Лок.Црн мост, Битола.

   Лок.Турско училиште, Битола.

   Лок.Југопластика, Битола.

   Лок. Снегулка, Битола.

   Лок. Ески џамија, Битола.

   Лок. Хајдар кади џамија, Битола.
7. Лок. Јени џамија, Битола
8. Лок. Кале, Битола,
9. Хераклеја Битола

МАРИОВО

10. Манастир Св.Никола, с.Манастир
11. Лок. Градок, с. Манастир
12. Манастир Св.Димитрија, с.Чебрен (Чебренски манастир)

ПОРЕЧЕ

13. Лок. Девина кула, с. Девич
14. Манастир Раѓање на Богородица, Горни Манастирец (Поречки манастир)
15. Манастир Св.Богородица, Модриште

## 2. Комплетирње на сознаијата од досегашните истражувања.

Суштинска методолошка постапка во почетната етапа на истражувањето а која овозможува сеопфатен увид во резултатите од досегагашните истражувања несомнено е целосното комплетирање на податоците од претходните истражувања, и тоа:

- Дескриптивна документација.
- Фото документација.
- Техничка документација.
- Материјални податоци
- Ликовни извори
- Пишани податоци.
- Публикувани материјали.

Комплетирањето на податоците од досегашните истражувања на издвоените јазолни пунктови на средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече беше реализирано во целост, при што од особено значење беше заокружувањето на податоците од археолошките истражувања во средишните делови од Пелагонија и јужните сегменти од регионот Мариово, како и на сознанијта од мултидисциплинарните проучувањето на регионот Порече

## 3. Комплетирање на стручно-научните публикациите кои го третираат прашањето на средновековните населби.

Неопходноста од консултација со најновите стручно-научни сознанија од областа на средновековните населби во Република Макаедонија, како и во поширокиот балкански и медитерански простор, ја наметна потребата од комплетирање на публикациите од оваа област, и тоа:

- Публикации од Р.Македонија
- Публикации од странство.

Во согласност со достапните финансиски средство во рамките на Проектот, ја реализиравме само набавката на публикации од нашата земја по пат на размена на публикации.

### 4. Непосредна анализа на остатоците од средновековни населби.

Неопходен сегмент од заокружувањата на сознанијата за средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече, како и увид во компаративните средновековни населби од околните региони беше непосредната анализа на:

- Остатоците од објекти
- Движните наоди

Овој сегмент од научноистражувачкиот процес беше реализиран со непосредна анализа на движните наоди од средновековни населби од регионите Пелагонија, Мариово и Порече, како и на околните региони, како на пр. Повардарието, Кичевијата, Скопоскиот регион и др. Непосредната анализа на остатоците од објекти беше реализирана по пат на дводневи тернски истражувања во Порече (д-р Бранислав Ристески и д-р Владимир Караџоски), како и дводневни истажувања во околината на Кичево (д-р Владимир Караџоски).

### 5. Селекција на сознанијата од досегашните истражувања.

Суштесвен сегмент во подготовката за научна интерпретација и обопштување на сознанијата за средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече, несомено е селекција на податоците од досегшните истражувања на релевантните пунктови за Проектот, и тоа:

- Дескриптивна документација.
- Фото документација.
- Техничка документација.
- Материјални извори: движни наоди и др.
- Пишани податоци.
- Ликовни извори
- Публикувани материјали.

Имајќи ја во предвид разнородноста според обем, сеопфатност и методолошки приод на досегашните истражувања, беше неопходно да се изгради сеопфатен и воедначен приод во селекцијата на достапните стручно-научни податоци. Врз основа на прецизно детерминираниот предмет и цели на истражувањето, беше извршена студиозна селекција на сознанијата од претходните истражувања со нагласок на податоците кои се однесуваат на клучните пунктови во рамките на одделните региони.

### 6. Консултација со стручно-научни дејци.

Во функција на заокружување на сознаијата за средновековните населби во нашата држава, како и во поширокиот балкански и медитерански простор, неопходна беше:

- Најнепосредна соработка со стручните лица од заводите за заштита на спомениците и музеите од Република Македонија
- Студиски претстои како облика на запознавање со современите сознанија .
- Консултација на етаблирани ексерти од областа на средновековните населби.

Во согласност со достапните финансиски средство во рамките на Проектот, ја реализиравме само соработката со стручно-научните дејци од нашата држава.

### 7. Примена на современите научноистражувачки методи.

Неопходноста од прилагоцување на сознанијата од истражувањето во рамките на Проектот со општоприфатените современи научноистражувачки методи е:

- Скенирање.
- Дигитализирање.
- Дескрипција.
- Набавка на Лидар податоци.
- Изработка на детални планови на клучните пунктови од средновековни населби

Во согласност со достапните финансиски средство во рамките на Проектот, реализиравме само дел од планираните научноистражувачки активности, и тоа: скенирање, дигитализирање на селектираните документациони целини поврзани со клучните пунктови во рамките на одделните региони.

Беа набавени Лидар податоци за следните пунктови:

- Маркови Кули, Прилеп
- Кукул-Баба, Прилеп
- Златоврв Трескавец, Прилеп
- Градиште, Дебреште,
- Прилепец
- Стибера
- Бучински Рид
- Хераклеја, Битола
- Кале, Битола
- Ижиште
- Растеш
- Девич
- Барбарас
- Васов Град
- Тиквеш
- Калуѓерска
- Градот, Весје
- Градиште, Рожден

Во периодот од 23 до 28 октомври 2023 год., а во соработка со со Институтот за историја и култура на источна Европа при Универзитетот Лајбниц во Лајпциг, Германија (Leibniz-InstitutfürGeschichteundKulturdesöstlichenEuropa- GWZO), беа спроведени теренски снимања на следните археолошки локалитети:

1. Костоперска карпа, с. Младо Нагоричане, Куманово;
2. Големо Градиште, с. Коњух, Кратово;
3. Маркови Кули на Водно, Скопје;
4. Давина Кула, с. Чучер, Скопје;
5. Градиште, с. Таор, Скопје;
6. Демир Капија (археолошки комплекс Демир Капија од двете страни на клисурата опфаќајќи ги локалитетит Голем Краставец, Рамниште, Постралец, Црквиште, Градина, Манастир, Варници во Демир Капија; Марков Град, Црквиште, Кула, Маркова Кула во с. Корешница и Кале – Стрезов Град, с. Челевец);
7. Градот, с. Ресава, Кавадарци;

8. Чаир Рид, с. Тремник, Неготино;
9. Градок, с. Манастир, Мариово, Прилеп;
10. Кале, Виница.

Во рамки на теренските активности се изработи теренска фотодокументација, геодетско снимање и 3D моделирање на тврдините и околниот простор. Овие снимања на теренот служат како компаративен материјал и изворна граѓа за истражувањата на научно-истражувачкиот проект. Член на истражувачката екипа од ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп беше д-р Орданче Петров.

**Финални резултати од истражувањата.**

Како резултат од сеопфатните истражувања во рамките на проектот беа изработени 12 студии за одделни сегменти од средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече, а кои ќе бидат публикувани во Завршната публикација од Проектот.

**Студии во рамките на завршната публикација од Проектот:**

**Б. Ристески**, "*Воведни напомениза научноистражувачкиот проект"*

*Апстракт.*

*Во воведните напомени се дадени предметот, целите и користените методи при рализацијата на научноистражувачкиот проект «Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече". Особено место завземаат податоците за рализираните активности и постигнатите спознајни резултати.*

**Д. Кебакоски, "***Античка населба на локалитетот Висока, с. Крушевица, Мариово".*

*Апстракт:*

*Трудот претставува сублимат на резултатите од досегашните археолошки истражувања на локалитетот Висока, надополнети со сознанијата стекнати со анализата на пишаните документи.*

*Со досегашните археолошки истражувања (2005, 2007 и 2014 год.) констатирани се два моќни хоризонти кои се потврдени како со движни така и со архитектонски остатоци.*

*Локалитетот Висока во науката е познат поодамна, но од 2005 година започнува да се истражува подетално со организирани археолошки кампањи. Истражуван е во 2005, 2007 и 2014 година. Со овие три кампањи обезбеден е материјал кој може, иако во почетна фаза на истражувањата, да ни даде прелиминарна слика за периодот на егзистенција на овој локалитет како и за карактерот и интензитетот на населување во конкретен временски период.*

Со досегашните истражувања констатирани се два моќни хоризонти на егзистенција на населбата, и тоа IV век п.н.е. и VI век н.е.. Преку анализа на откриените археолошки наоди, надополнети со хронолошко-типолошки табели, се потврдува дека освен двата моќни хоризонти, овој простор бил користен (со различен интензитет) од предисторијата до доцниот VI век н.е..

Населбата од  IV век п.н.е., е хронолошки детерминирана со мноштво на движен материјал, но и со моќни градби ѕидани во техника opus isodomum, комбинирана со opus pseudoisodomum. Во подножјето на Висока, на локалитетот Павла Чука, во иста техника е градена и гробницата од Македонски тип, што ни дава за право овие два локалитети ги третираме како комплекс.

Шестовековната населба, која истовремено е и последната етапа на живеење на Висока, а очекувано градбите од овој хоризонт се најсочувани иако се градени во техника на сувоѕид. Во рамките на оваа етапа на нааселбата се издвоени три структурални елемнети, и тоа: акропола, подградие и некропола.

**Б. Ристески,** “*Средновековните градови Прилеп и Битола - компаративни проучувања”*

*Апстракт.*

*Трудот го третира прашањето на просторниот распоред на структуранлните содржини на градовите Битола и Прилеп во времето од X  до првите децении на XV век. Компаративниот приод во проучувањето на двете градски населкби позиционирани во средишните и северните делови од Пелагонија, овозможува*

*сеопфатните сознанија добиени со долгогодишните истражувања на средновековниот Прилеп да бидат спредувани со почетните податоците за развитокот средновековната Битола.*

**Р. Михајловски, С. Стојкоски, Г. Филиповска Лазаровска, З. Алтипармаковски**, " *Средновековниот локалитет Кале-Битола, важен воен и црковен пункт во централна Пелагонија"*

*Апстракт:*

*Во овој научно-истражувачки текст се работи за нови согледувања за средновековниот археолошкиот локалитет Кале-Битола , воведување на нови детерминанти кои попрецизно го локализираат и го датираат целиот археолошки локалитет како и најзначајниот наод, сакралниот христијански објект од катедрални размери, откриен при истражувањата изведени од 1978 до 2005г. Во рамки на проектот „Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече" се извршија поголем број на структурно ревизиони анализи на материјалната култура, како и документациона ретроспектива на локалитетот Кале-Битола, при што се дојде до нови функционални заклучоци кои што ќе бидат презентирани во текстот, како нови теоретски согледувања. Посебно внимание е посветено на позиционирањето на локалитетот,остатоците од материјалната култура и неговата воено стратешка улога. Целта на текстот е комплетирање на сознанијата за археолошкиот локалитет, и нивна синтеза за добивање на заклучна нота на неговото значење и улога во средниот век.*

**С. Стојкоски, Р. Михајлосвски, Е. Насух, Г. Филиповска - Лазаровска,** **"***Средновековни населби во средишните делови од Пелагонија и јужните сегменти од Мариово"*

*Апстракт:*

*Овој труд претставува индуктивна истражувачка анализа за средновековните населби во централниот дел на Пелагонија и јужните делови на Мариово, поточно битолскиот дел на Пелагонија и Мариово каде е работено во поголема мера од стручните лица на НУ Завод и музеј-Битола. При проектот „Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече“ добиени се дополнителни аналитички параметри за материјалната култура со која можат да се прецизираат датациите на локалитетите , да се прошират знаењата на социо-економските и општествените прилики на населбите, предмет на ова истражување. Фокусот на текстот е на веќе детерминираните населби, пунктови каде се извршени поголем број на истражувања и за кои може да се презентираат покомплетни сознанија. Главни пунктови се Хераклеја Линкестис,Кале-Битола, археолошките локалитети во центарот на градот Битола- Јени Џамија и Св. Димитрија, Некрополата во с. Велушина, Тумба Чебрен с. Зовиќ и Кале Долно Ореово. Покрај описот на локалитетите и дел од материјалната култура пронајдена при нивното истражување ќе се задржиме и на полеогенетските процеси на населбите и нивната регионална поврзаност. Внимание се посветува и на проблемот на убикацијата на средновековна Битола со вметнување на новите сознанија и имплементација на нови теоретски фундаменти.*

**Б. Ристески,** *“Средновековни монашки населби (модалитети во организацијата на монашките заедници”*

*Апстракт.*

*Во трудот се проследуваат модалитетите во организацијата на структуралните содржини на монашките населби во Пелагонија, Мариово и Порече во времето од VI до првите децении на XV век, примарно засовани врз сознаијата од архелошките истражувања.Со доцната антика се поврзуваат остатоците од монашкиот комплекс на лок. Св.Преображение, с. Зрзе. Во раниот среден век (крај на VI /почеток на VII до средината на IX век) не се констатирани*

*остатоци од монапки населби. Со полниот среден век (средина на IX до последните децении на XII век ) се поврзуваат остатоците од монашката населба на лок. Св.Преображение, с. Зрзе, како и манастирите на лок. Градок, с.Манастир-Мариово, лок.. Златоврв-Трескавец, Прилеп, Св. Никола, с.Манастир-Мариово и др.Во доцниот среден век (почеток на XIII до први децении на XV век) е потврдена егзистенција на срезмерно голем број манатири (Успение на Пресвта Богородица, Трескавец, Прилеп, Св.Араханггел Михаил, Варош, Св.Димитрија, Чебрен, Св,Никола, с.Манастир-Мариово, Поречки манастир, с.Горни Манастире и др. ), при што се евидентира суштествувањето на двата основни концепти во организацијата на структуралните еленит – византискиот, правоаголен и српскиот, кружен*

**А. Василески,** *"Сакрална топографија на Порече : Црковните објекти во контекст на општественииот живот во средниот век"*

*Апстракт.*

*Во рамките на трудот е направен одбид, преку проследувањето на материјалните остатоци и пишаните извори, да се направи синтетизирана студија на сакралните објекти кои се наоѓаат во рамките на географскиот регион Порече. Предмет на примарен научен интерес на студијата се 18 сакрални објекти, кои датираат во периодот од 13 до крајот на 17 век. Преку анализата на архитектонските карактеристики на градбите и особеностите на нивната сликана декорација, направена е попрецизна хронолошка детерминација на црквите, а преку проследувањето на пишаните извори, дел од нив, се поставени во конкретен историски контекст. Во насока да се добијат посуштински сознанија за карактерот на сакралните објекти, како и за соцо-политичкиот контекст во којшто настанале, предмет на научен интерес се и населбите, фортификациите и патните комуникации кои егзистирале во нивната непосредна близина во средниот ек.*

**В. Караџоски,** *„Манастирите во Мариово, Пелагонија и Порече како културно-просветни, стопански и медицински центри во средниот век“.*

*Апстракт:*

*Во трудот се зборува за настанувањето и развојот на средновековните манастири во Мариово, Пелагонија и Порече како духовни, културно-просветни, стопански и медицински центри*

**О. Петров,** *„Средновековни некрополи во Пелагонија и Мариово, погребни практики и ритуали“.*

*Апстракт:*

*Доцната антика е време во коешто суштински ќе се променат сите аспекти на живеењето. Со масовното прифаќање на христијанската религија ќе се променат и верувањата во задгробниот живот.Погребувањето и погребните практики иако едни од најконзервативните аспекти на човековото битисување, сепак, во одреден степен внесуваат новини коишто порано или подоцна ќе бидат помасовно прифатени.Со големите преселби на народите, кон крајот на 6 и почетокот на 7 век, во Македонија се менува демографската структура на населението. Постепено, на овие простори наместо старото автохтоно и романизирано население се доселува словенско население коешто со себе ги носи своите религиозни практики.*

*На територијата на Пелагонија, Мариово и Порече првите христијански некрополи се појавуваат во 10 век.Според хронологијата можат да се поделат на две групи, постара фаза 10-12 век и помлада фаза крај на 12-15/16 век. Погребните практики се одликуваат исклучиво со христијански манири, а одредени карактеристики овозможуваат нивно раздвојување.*

*Овој труд има за цел, преку гробните форми, начинот на положување на покојниците и гробниот инвентар, да ги прикаже погребните практики и ритуали на населението од овие три географски целини. Преку анализа на триесетина некрополи од Пелагонија, Мариово и Порече, се прави обид да се систематизираат досегашните сознанија и да се извлечат аргументирани заклучоци за зададената тема.*

**С. Стојкоски,** *„ Средновековните прстени од археолошкиот локалитет Јени Џамија-Битола и нивното значење за процесот на полеогенеза на градот Битола"*

*Абстракт:*

*Научен труд кој се фокусира на дел од материјалната култура од прстените, пронајдени на археолошкиот локалитет „Уметничка галерија Јени Џамија-Битола“,. Се врши археолошка анализа и точен опис на артефактите, со прецизно лоцирање и датирање. Обрнато е внимание и на функцијата на прстените и нивните суштински функции. Предмет на обработка е и социо-економскиот аспект на употребата на прстените и нивното значење за населението во една населба, односно град, и како тоа може да биде индикатор за полеогенетските процеси за развитокот и статусот на населбата.*

**Е.Луческа, “***Народните преданија за сакралните објекти во Варош,Прилеп.”*

Апстракт:

*Предмет на истражување во трудот се народните преданија за сакралните објекти во населбата Варош, Прилеп запишани, пред сѐ, од македонскиот собирач*

*на народни умотворби Марко Цепенков и од сопствени теренски истражувања. Основната цел е да докажеме дека народните умотворби покажуваат пошироки полиња на истражување, а не само фолклористички и, иако како второстепен извор, имаат големо значење за изучување на нашето културно-историско минато. При проучувањето ќе го користиме интердисциплинарниот пристап и ќе се обидеме да направиме споредбена анализа помеѓу емпириските материјали (етнографски и фолклорни), историските писмени извори и движното и недвижно културно наследство поврзани со овој простор.*

**Х.Талевски,** *Стандардизација на методите на археолошки истражувања видена преку процесот на акредитација на Лабараторија за археолметрија.*


*Апстракт*

*Моменталната состојба на развој во археологијата може да се смета како „хибридна археологија“. Ова е последица на растечката примена на широк спектар на методи, техники и технологии позајмени првенствено од природните науки. Овој развој беше возможен бидејќи многу од техниките и методите применливи во истражувањето на органски и неоргански материјали или егзактното снимање на физички предмети се подеднакво релевантни и применливи за проучување на материјалните остатоци од минатото во нивната природна средина.*

*Овој растечки тренд на хибридизација или интердисциплинарност ја потенцира неусогласеноста помеѓу степенот на стандардизација на методите имплементирани во „тврдите науки“, дел од коишто се користи при археолошките истражувања, и малиот број меѓународни стандарди усвоени во археолошката пракса. Овие разлики беа искусени од прва рака во почетната фаза од имплементацијата на проектот Акредитација и формално признавање на Лабораторијата за археометрија при Институтот за старословенска култура – Прилеп, прва иницијатива од ваков вид во македонската археологија. Овој труд има за цел да прикаже дел од практичните и суштински проблеми кои се среќаваат во текот на овој процес и да го постави прашањето за потребата од стандардизација во археолошките истражувања.*

*Несомнено, достапен е огромен корпус на литература или, барем, водичи за најдобри практики во врска со стандардните оперативни процедури за примена на методите и техниките кои требало да бидат акредитирани во процесот на формирање на Лабораторијата (1. Моделирање базирано на фотографии , ГИС интеграција и евалуација на изграденото културно наследство, 2. Археолошка теренска работа, 3. Интензивни (систематски) археолошки рекогносцирања, 4. Морфометрискаанализа на садовакерамика, 5. Археозоологија, 6. Археоботаника, 7. Дендрохронологија). Иако меѓу авторите на овие публикации има искусни научници и теренски практичари, и малкумина ќе се осмелат да ја оспорат нивната компетентност, тие не се конзистентни со официјалните општоприфатени меѓународни стандарди за квалитет.*

*Еден од проблемите со кој се соочивме за време на процесот на имплементација на Проектот, беше отсуството на стандардни процедури за утврдување на мерната следливост и мерната несигурност на излезните податоци. Друга последица на недостигот на стандардизација во повеќето насоки на археолошки истражувања е некомпатибилноста на излезните податоци. Податоците често се со променлива точност и прецизност, различни формати и идиосинкратска терминологија, заради што честопати сме спречени да пристапиме, користиме или интегрираме податоци што произлегуваат од различни проекти.*

*Нацрт-верзии за четири од очекуваните седум стандардни оперативни процедури беа развиени во првите два месеци од имплементацијата на проектот, време кога имплементацијата на проектот беше привремено прекината поради недостиг на средства и непочнато финансирање од Министерството за образование и наука на РС Македонија. И покрај тоа, овие процедури беа развиени врз основа на техниките и практиките што ги застапуваат и користат водечки истражувачи, практичари и институции во оваа област. Овие нацрт-протоколи и препораки беа поставени во рамките на неколку општи, меѓународни стандарди применливи за секторот на културното наследство (CEN EN 16085:2012; CEN EN 16095:2012; CEN EN 16096:2012 и референтни стандарди во овој случај). Нивната цел беше да се дефинира основната количина и квалитет на податоци евидентирани при археолошките истражувања, а не да наметнат ригидни процедури за истражување. Повеќето од нас би се согласиле дека одреден степен на стандардизација е неопходен чекор во процесот на унапредување на квалитетот на теренските и кабинетските археолошки истражувања генерално. Сепак,*

*обемот и темелноста на оваа стандардизација остануваат предмет на дебата, што се надеваме дека овој труд ќе го иницира.*

## 6. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЧ-КАТА РАБОТА:

### 6.1. На македонски јазик:

Наброените непосредни резултати од истражувањата во рамките на проектот, според нашето мислење, претставуваат принципиелно ново ниво на научноистражувачките, мултидисциплинарни проучувања на одделни просторни целини/региони, пришто сметаме за потребно да ги апострофираме следните аспекти:

- спознајно конципирани ревизиони истражувања на остатоците од средновековни населби со примена на современи методи на документирање и непосредна анализа со примена на современите методи од егзактните науки, како несомнено принципиелно нов приод во рамките на хуманистичките науки во нашата држава;
- научно засновано проучување на развитокот на културно-цивилизациските процеси во одделните региони, базирани врз сознанијата од истражувањата на населбите како средишни пунктови на воено-политичките собитија и социо-економските процеси; и
- добивање релевантни научни сознанија, засновани врз примената на објективни истражувачки постапки, како основа за поопстојно изјаснување на културно-цивилизациските, особено етногенетските процеси, кои се случување во текот на средниот век во средишните делови од Балканскиот Полуостров.

### 6.2. На англиски јазик:

**Resume of the results of the scientific research**

In our opinion, the listed results from the research within the project`s frames in principle represent a new level of scientific multidisciplinary research of the separate

spatial wholes/regions. In contrast, we find it necessary to emphasize the following aspects:

- cognitively conceived revision research of the remains of the medieval settlements with the use of modern methods for documenting and direct analysis with the use of contemporary methods from the exact scientific disciplines as an undoubtedly new approach within the frames of the humanistic scientific disciplines in our country;

- scientifically based research of the development of the culturally-civilizational processes in the separate regions, based on the knowledge from the researches of the settlements as focal points of the military-political and the socio-economical processes; and

- getting relevant scientific knowledge based on objective scientific approaches as a foundation for the more sustainable expression of the cultural-civilizational, especially the ethnogenesis processes that occurred during the Middle Ages in the central parts of the Balkan peninsula.

## 6.3. КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

### 6.3.1. На македонски јазик:

Средновековни населби, градови, рурслни населби, монашки населби – манастири., ран среден век, полн среден век, доцен среден век, рано турско средновековие,

### 6.3.2. На англиски јазик

Medieval settlements, cities, rural settlements, monastic settlements – monasteries, Early Middle Ages, High Middle Ages, Early Ottoman Period.

## 7. ЗНАЧАЈНИ НАУЧНИ СОЗНАНИЈА ЗДОБИЕНИ СО РЕАЛИЗА-ЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ:

Сеопфатното комплетирање на досегашните стручно-научни податоци, како и студиозното научно интерпретирање на средновековието на просторот на Пелагонија, Мариово и Порече во рамките на археологијата, историјата, историјата на уметноста, лингвистиката и етнологијата, нивната студиозна анализа и докомплетирање, а особено заокружувањето на научно-истражувачкиот процес со контекстуалното проследување на културно-цивилизациskиот развиток во рамките на одделните региони и компаративно проучување на синхроните процеси, без сомнение претставува суштински методолошко-спознаен исчекор во мултидисциплинарниот приод при проучувањето на одделни просторни целини/региони, особено нивното проследување во поширокиот балкански и медитерански контекст.

## 8. КОРИСНИЦИ НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ, НАЧИНИ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ИСТИТЕ:

Попродлабочените научни сознанија за средновековните населби во Пелагонија, Мариово и Порече ќе им овозможат во голема мера на стручно-научните дејци во нашата држава соодветно да ги валоризираат и конзерваторски да ги третираат овие исклучителни движни и недвижни остатоци од средниот век и раното турско средновековие.

Со оглед на евидентно високото спознајно ниво врз кое е заснован овој проект, евидентни се потенцијалите за меѓународна соработка со етаблирани институции и поединци кои ги проучуваат медиевалистичките процеси на медитеранскиот простор.

Имајќи предвид дека процесите коишто ќе бидат научно третирани во рамките на овој проект се одвивале на пошироката балканска територија, сметаме

дека институциите и научните работници од соседните земји и пошироко ќе бидат заинтересирани, преку призмата на сопствениот научен интерес, да соработуваат во реализацијата на овој проект, како и во истражувања кои ќе произлезат од овој научноистражувачки проект.

## 9.ТЕХНОЛОШКИ ИНОВАЦИИ И ПАТЕНТИ

Научноистражувачкиот проект “Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече” беше конципиран во најнепосредна корелација со проектот “Акредитација на лабораторијата за археометрија во ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп”, што подразбираше примена на современите егзактни научни методи при проучувањето на минатото во нашата земја. Нереализацијата на проектот “Акредитација на лабораторијата за археометрија во ЈНУ Институт за старословенска култура-Прилеп” значеше оневозможување на реализацијата на одделни суштествени содржини од проектот “Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече”, но и запирање на процесот на суштествено воведување на современи технолошки постапки во проучувањето на минатото во Република Македонија

## 10. МОЖНИ ЕКОНОМСКИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ ЕФЕКТИ:

Средновековните населби во Република Македонија, особено монашките населби – манастирите имаат исклучителни потенцијали при нивното ставање во туристичка употреба, особено доколку овие материјални остатоци се соодветно стручно и научно валоризирани и ставени во поширокиот балкански и медитерански контекст, но и соодветно научно промовирани.

## 11. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ОСТВАРЕНА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРО-ЕКТОТ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Во периодот од 13.06 до 17.06. 2023 година, д-р Александар Василески, директор на ЈНУ Институт за старословенска култура – Прилеп, и д-р Христијан Талевски, виш научен соработник, членови на научноистражувачкиот тим на проектот „Средновековни населби во Пелагонија, Мариово и Порече", реализираа службено патување во Рим, Р Италија, со цел да учествуваат на меѓународниот настан *Future Skills for Cultural Heritage,*во организација на Fondazione Scuola dei beni e delle attività culturali, кој се одржа од 14 до 16 јуни 2023 година

## 12. ОБЈАВЕНИ РЕЗУЛТАТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВА-ЊЕТО *

**а) Оригинални научни трудови објавени во списанија во:**

**земјата:** **8**

**странство:** **2**

**б) Монографски публикации во:**

**земјата:** **1**

**странство:** ______

**в) Трудови презентирани на научни собири во:**

**земјата:** **22**

**странство:** **4**

* Во прилог на точките 12 и 13 да се достави список.

## 13. МАГИСТЕРСКИ, ДОКТОРСКИ СТУДИИ, СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, УСОВРШУВАЊА, СТУДИСКИ ПРЕСТОИ И КОРИСТЕЊЕ НА ЕКСПЕРТИ ВО ТЕКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ВО ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА

Во отсуство на финансиска подршка од МОН, не бевме во можност да ангажираме експерти од областа на средновековните населби, а не бевме во можност ниту да оствариме непосредна комуникација со меѓународни експертите од оваа област по пат на студиски претстои во странство.

Учество на работилница „SHIFTING population sinthe Late Roman Balkans Workshop" во организација на Француската школа во Атина, Грција и Археолошки Институт Белград, Србија, со трудот „Theshifting past between myth sand arguments – theepistemological problems behind there search of the population in thecentral-southern Balkansduring Late Antiquity and the Early Middle Ages", (12.10.2023 – 13.10.2023),.

## 14. ИСТРАЖУВАЧКА ОПРЕМА НАБАВЕНА ВО ТЕКОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО:

**(Вид, марка, година на производство, намена, цена на чинење)**

Од Агенцијата за катастар беа набавени Лидар податоци во дигитална форма за следните пунктови:

- Маркови Кули, Прилеп
- Кукул-Баба, Прилеп
- Златоврв Трескавец, Прилеп

- Градиште, Дебреште,
- Прилепец
- Стибера
- Бучински Рид
- Хераклеја, Битола
- Кале, Битола
- Ижиште
- Растеш
- Девич
- Барбарас
- Васов Град
- Тиквеш
- Калуџерска
- Градот, Весје
- Градиште, Рожден

**15. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ: (во намени и извори на средства)**

| | |
|---|---|
| **а) Надомест за истражувачи - пензионери** | **/** |
| **б) Непосредни материјални трошоции:** | |
| **Потрошена енергија, материјали и суровини:** | **49.658** |
| **Патувања во земјата:** | **64.958** |
| **Патувања во странство:** | **37.540** |
| **Дневници, теренски додатоци и други надоместоци:** | **36.694** |
| **Ангажирање на експерти:** | **150.000** |
| **Производни и непроизводни услуги (информатички, ПТТ и сл.):** | |
| **Одржување на научноистражувачка опрема:** | **/** |
| **Набавка на научноистражувачка литература:** | **/** |

**Други трошоци:** **163.745**

**В к у п н о :** ____________

**в) Извори на средства:**

**Сопствено учество:** **/**

**Учество на други институции:** **/**

**Учество на меѓународни институции:** **/**

**Учество на Министерството за образование и наука:** **502.595**

**В к у п н о :** **502.595**

## 16. ПОВАЖНИ ЗАКЛУЧУВАЊА И НАСОКИ ЗА ПОНАТАМОШНИ ИСТРАЖУВАЊА КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ:

Резултатите од реализацијата на научноистражувачкиот проект вСредновековни населби во Пелагонија, Мариово и Поречег несомнено создава научно заснован фундамент за идните истражувања на населбите од средниот век и раниот турски период, но и база за сеопфатни медиевалистички проучувања на средишните делови од Балканскиот Полуостров.

**17. ВЕРИФИКАЦИЈА НА ЗАВРШНИОТ ИЗВЕШТАЈ:**

**- Одлука на научниот, наставно- научниот, стручниот орган за прифаќање на завршниот извештај (во прилог да се достави Одлуката):**

**бр. 02-490/3 од 11.12.2023 година**

**Потпис на главниот истражувач:** ______________________

**Потпис на одговорното лице на институцијата:** ______________________

**Датум и печат:** ________________**28.12.2023**